РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 27.05.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 72 | | |


**До:**

Лице за посредување со информации од јавен карактер
бул.„1 Мај„ бр.61
Општина Битола
7000 Битола

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Битола, потребни ни се следните информации:

1. Предлог буџет за 2026 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Годишен извештај за работењето на општината за 2025 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Извештај од внатрешна ревизија (интерна) за последната 2025 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) или друга форма на вклученост на граѓаните во 2025/26 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики.
   Доколку имате спроведено граѓански форум, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

7. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2025 година?

8. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
***<u>г) електронски запис</u>***
д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***<u>г) е-маил</u>*** [redacted]
д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted] Датум: 22.05.2026

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Допис до одделение за правно нормативни работи

Бр.11-72/2
27.05.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-72/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атансовска

Примил: 27.05.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Допис до сектор за финансиски прашања

Бр.11-72/3
27.05.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-72/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атансовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Допис до раководител за внатрешна ревизија

Бр.11-72/4
01.06.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-72/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атансовска

Примил
01.06.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 01. 06. 2026
Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност:
11 | 72/3 | |

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
01.06.2026 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер-
-Марија Атанасовска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-72/2 од 27.05.2026 година**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање, Бр.11-72/2 од 27.05.2026 година а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-72/2 од 27.05.2026год., од [redacted], Во прилог Ви доставуваме дел од бараните податоци и тоа:

- **Под точка 2** – Годишен извештај за работењето на општината за 2025 година, Ве известуваме дека истиот беше ставен како точка на дневен ред на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2026 година и беше донесен Заклучок за усвојување Годишниот извештај на Општина Битола за 2025 година, Бр.09-36/5 од 13.03.2026год., објавен во Сл.Гласник на Општина Битола бр.03/2026.

- **Под точка 5** – Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на Советот на Општина Битола? Дали седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

• Согласно Член 23 од Статутот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општината Битола“ Бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), - Седниците на советот се јавни. За исклучување на присуство на јавноста на седници се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. При расправата за Буџетот на Општината, годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

• **Согласно Член 3 и член 96 од Деловникот за работа на Советот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општината Битола“ Бр.05/2026) –**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

**Согласно Член 3 -** Седниците на советот се јавни, Седниците на советот задолжително се снимаат во аудио формат заради архива и изготвување на Записник.

Заради јавност и транспарентност на советот, седниците на советот задолжително се пренесуваат во живо на онлајн платформа или социјална мрежа (*„YouTube",„Facebook"* или друга соодветна онлајн платформа/мрежа) со исклучена можност за коментирање од страна на корисниците на платформата на која се пренесува седницата во живо.

Седниците на постојаните и повремените комисии на советот и седниците на работните тела, ќе бидат снимани и прикачени на оналјн платформа („YouTube" или друга соодветна платформа) во рок согласно член 38 став 3 од овој Деловник.

Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со 2/3 од вкупниот број на членови на советот на предлог на еден член на советот, ако за тоа постојат оправдани причини.

Јавноста не може да биде исклучена кога се расправа за Статутот, Деловникот за работа, Буџетот на општината, Годишната сметка на буџетот и за Урбанистичките планови.

**Согласно Член 96 -** Советот работи на седници, кои се јавни, но за одредени прашања јавноста може да биде исклучена под услови предвидени во закон, статут и овој Деловник.

За време на расправата за Статутот, Деловникот за работа, Буџетот на општината, годишната сметка и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

- **Под точка 6** - На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?
  - Општината ги информира граѓаните за одржување на седниците на

Советот на Општина Битола преку електронско доставување на материјали за седницата заедно со дневниот ред (ден, место и време на одржување на седницата) до средствата за информирање - медиумите.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02. 06. 2026

| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 72/6 | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за внатрешна ревизија**
Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност

До
Одделение за административни и општи работи
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на барање бр.11-72/4 од 01.06.2026 година

Во врска со вашето барање бр.11-72/4 од 01.06.2026 година, а во однос со бара[redacted] пристап до информации од јавен карактер од подносителот (барател) [redacted]

1. Согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/2024), внатрешниот ревизор е должен да достави годишен извештај за работењето до раководителот на субјектот и Министерството за финансии;
2. Согласно член 34 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/2024), внатрешниот ревизор е должен да ја чува доверливоста на податоците и информациите со кои располага, така што се исклучува можноста за достава на информации во врска со извршените ревизии до надворешни страни.

Битола,
02.06.2026

Внатрешен ревизор,
Аница Тантарова Георгиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 208 324 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 09. 06. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 72/7 | | |

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-72/3 од 27.05.2026, Ве информираме за следното:

- Во прилог Ви одставуваме линк од Буџетот на Општина Битола објавен на web страната на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/informacii-za-budzet-na-opshtina-bitola/
- Во прилог Ви доставуваме Записници од одржаните Буџетски форуми

Битола,
09.06.2026

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

# ЗАПИСНИК
## од Втора форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 21.11.2025, **Место:** Офицерски Дом, Битола **Час:** 10:00-12:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 25
Мажи: 12 Жени: 13
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Николина Крстевска;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија

Усвојување на Записник од прва форумска сесија

Презентација – Буџетски програми на Општина Битола за 2026

Расходи по програмите предложени на прва форумска сесија - презентација и дискусија

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија

Дискусија во врска со:
- Дополнување на општински предлози
- Предлози од граѓаните
- Реструктурирање (редукција во интерес на други зголемувања)

Носење на формални одлуки

Давање на формални препораки, согласени во форумот

Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група, информација за термин за трета форумска сесија и оценка на форумската сесија

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Втората форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата и ги повтори деталите на форумскиот процес односно неговите клучни барања, цели и методи како и неговата организациона структура. Со цел поефикасна работа на форумот, од страна на модераторот беа презентирани правилата за работа на истиот кои беа заеднички утврдени за време на првата форумска сесија, вклучително и правилата за присуство и право на глас на третата форумска сесија. Пред форумот да продолжи со работа, присутните учесници го разгледаа Записникот од првата форумска сесија како предуслов за негово усвојување.

Во понатамошниот дел на сесијата, од страна на модераторот беше извршена презентација на структурата на буџетот на Општина Битола во проценти, беа презентирани приоритетите за развој на Општина Битола за 2026, потоа планираните/реализирани приходи на Општина Битола за 2025 година до 30.09.2025 и беше презентирана и проекцијата на приходите на Општина Битола за 2026 година. Поврзано со овие презентации, форумот продолжи со дискусија на која посебен акцент беше ставен на разграничувањето на мандатот и обврските на органите на локалната самоуправа особено во делот на предлагањето на политики и носењето на одлуки.

По завршувањето на дискусијата од страна на модераторот беа презентирани програмите кои форумските учесници ги утврдија на првата форумска сесија за понатамошно разгледување на следните сесии:

- Програма за социјална заштита;
- Програма за урбанистичко планирање;
- Програма за развојни планови;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за активности во областа на спортот и младите;
- Програма за заштита на животната средина и природа;
- Програма за култура.

Во следниот дел од сесијата, од страна на форумскиот модератор беше извршена презентација на сработеното на работната група и беа презентирани повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од првата сесија. По презентацијата следеше дискусија.

Присутните учесници на втората форумска сесија, за време на истата ги предложија следните буџетски приоритети кои треба да бидат предмет на разгледување за време на работата помеѓу сесии како и за време на третата форумска сесија:

- Изградба на терени за одбојка на песок.
- Изградба на спортско-рекреативен парк за лица со попреченост во општината.
- Изградба на содржини за деца на потег Шеталиште – Император.
- Изградба на детски велосипедски полигон и воведување на настава на отворено на истиот за основните и средни училишта.
- Воведување на асистенти за деца со атипичен развој во градинките во Општина Битола.
- Поставување на диспанзери со хигиенски производи за девојчиња во средни училишта.
- Реконструкција (оградување, решавање на проблемот со уличните кучиња и реконструкција на дворот) во училиштето Кочо Рацин.
- Реконструкција на улици Крстин Чулаковски и Митре Врчковски во населба Буковски Ливади.
- Реконструкција на влез во населба Буковски Ливади до пекара Чаче, поставување на атмосферска решетка и одвод.
- Поврзување на улица Четврта (кај аптеката) со влезот во населбата Буковски Ливади.
- Реконструкција на улици во н.м Братиндол (предвидени со ребаланс).
- Инфраструктурни инвестиции во н.м Братиндол: вода, асфалтирање на игралиште и адаптација на општински објект за потребите на месната заедница и детски престој/градинка.
- Асфалтирање (техничка документација) на улица Хераклеа во АРМ Четврт 2.
- Реконструкција на улица Коста Абрашевиќ.
- Изградба на ободен канал на улица Блаже Конески.

- Санација на ободни канали од н.м Барешани до н.м Породин и расчитување на пат од гранки од рибник Бел Камен до н.м Породин.
- Санација на општинските објекти низ село Породин (училиште, амбуланта, Дом на култура) и нивно отстапување на ДППД Архангел.
- Реконструкција на Дом во н.м Дихово и реконструкција на локални улици со бехатон.
- Поддршка на манифестација на ракотворци "Во срцето на Битола".
- Набавка и ставање во функција на нови стилски штандови за манифестации/настани.
- Одржување на паркинг зад НУ Завод и Музеј.
- Обезбедување на станица за активностите на волонтерско противпожарно друштво Архангел.

Обезбедување на станица за активностите на волонтерско противпожарно друштво Архангел
Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на предлог датуми за одржување на третата и четвртата форумска сесија.

*Заклучоци и препораки*

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Автобусите кои треба да се набават за потребите на јавниот превоз да се пристапни за лица со попреченост.
- Тротоарите во Општина Битола да се пристапни и достапни за лицата со попреченост.
- Во сите паркови низ општината да се обезбеди питка вода и да се постави осветлување.
- Зголемување на ставката на еднократна помош за лицата кои ја побаруваат за набавака на хигиенски средства за деца кои имаат атипичен развој но сеуште не се дијагностицирани.
- Санација на штети предизвикани од неповолни временски услови во н.м Острец.
- Зголемување на средствата од националниот буџет кои општината ги добива по основ на заштита на животната средина и намалување на штетните последици од аерозагадувањето.
- Воведување на сообраќајно решение (налепница за станари) за решавање на проблемот со паркирањето во централно градско подрачје.
- Зголемување на површините под тротоари низ општината и обезбедување на нивна проточност за пешаци.
- Враќање во функција на плоштад Гоце Делчев.
- Ставање во функција на брз воз Битола – Скопје и рехабилитација на пруга до Велес.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на втората форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека втората форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- ☐ Листа на учесници по работни маси,
- ☐ Фотографии,
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а

Ко-модератори:

____________________

____________________

# ЗАПИСНИК
## од Трета форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 02.12.2025, **Место:** Офицерски Дом, Битола **Час:** 10:00-11:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 13
Мажи: 5 Жени: 8
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Николина Крстевска;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

Добредојде, дневен ред и цели на трета форумска сесија
Усвојување на Записник од втора форумска сесија
Извештај на Општината за резултатите од Форумскиот процес

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија

Претставување на начинот на гласање

Приоретизирање на:
- Програми
- Проекти

Носење на формални одлуки
Давање на формални препораки, согласени во Форумот

Утврдување на следни чекори

Оценка на Форумската сесија

**Тек и содржина на сесијата**
*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Третата форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата. Пред Форумот да продолжи со работа, присутните учесници го разгледаа Записникот од втората форумска сесија.

Во продолжение на сесијата од страна на модераторот и вработените во Општина Битола, беше презентиран сумиран извештај од текот, организацијата и резултатите на Форумскиот процес, вклучително и најважните статистички показатели, степенот на реализација на очекуваните цели и научените лекции од самиот процес. Потоа, од страна на модераторот а во името на работната група и оперативната група беше извршена презентација на сработеното на работната група помеѓу втората и третата сесија а потоа од страна на присутните беше отворена и дискусија. Модераторот ги презентираше пред присутните повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија.

Во вториот дел од сесијата, од страна на модераторот беше извршено детално претставување на начинот на гласање. Откако беше утврдено дека сите административни предуслови се исполнети (две ливчиња на секоја маса со програми за приоретизација и две ливчиња на секоја маса со сите проекти) Форумот премина на гласање за приоретизирање на:

- Програми и
- Проекти.

По завршувањето на гласањето, Форумот ги приоретизираше програмите и проектите на следниот начин:

**Програми:**

1. Програма за локален економски развој,
2. Програма за активности во областа на спортот и младите,
3. Програма за социјална заштита,
4. Програма за развојни планови,
5. Програма за заштита на животната средина и природа,
6. Програма за уредување на градежно земјиште,
7. Програма за култура.

**Проекти:**

**1. ОБРАЗОВАНИЕ И ДЕЦА**

- Поставување диспанзери со хигиенски производи за девојчиња во средни училишта.
- Реконструкција на дворот и оградата во ОУ „Кочо Рацин" и решавање на проблемот со уличните кучиња.
- Уредување на школски двор во н.м. Крклино.
- Уредување на објект на детска градинка во н.м. Крклино.
- Изградба на содржини за деца на потег Шеталиште – Император.
- Изградба на детски велосипедски полигон и воведување на настава на отворено за основни и средни училиш

**2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ИНКЛУЗИЈА**

- Оспособување на дневен центар за лица со попреченост.
- Воведување асистенти за деца со атипичен развој во градинките во Општина Битола.
- Обезбедување на пригоден пакет за згрижено дете (првачe, средношколец, матурант) и подд училишни екскурзии.
- Еднократна финансиска поддршка при влегување на дете во згрижувачко семејство и годишна парична помош дете во згрижување.

**3. ИНФРАСТРУКТУРА**

- Реконструкција на улици Крстин Чулаковски и Митре Врчковски (Буковски Ливади).
- Реконструкција на влез во населба Буковски Ливади до пекара Чаче и поставување атмосферска решетка и од
- Поврзување на улица Четврта (кај аптеката) со влезот во населбата Буковски Ливади.
- Реконструкција на улица Коста Абрашевиќ.
- Асфалтирање на улица Хераклеа во АРМ Четврт 2 (изработка на техничка документација).
- Реконструкција на патна инфраструктура во н.м. Поешево и Карамани.
- Реконструкција на патна инфраструктура во н.м. Острец.
- Изградба на водовод во н.м. Острец.
- Санација на ободни канали од н.м. Барешани до н.м. Породин и расчистување на патот од рибник Бел Каме Породин.
- Изградба на ободен канал на улица Блаже Конески.
- Реконструкција на булеварски влез во Битола од страната на Охрид.
- Асфалтирање на осма улица и делот од УЗ Димитар Влахов до почеток на деветта улица.
- Изградба на потисен цевковод.
- Изградба на канализација во н.м. Крклино.

- Реконструкција на патна делница Оризари – надвозник (Крклино).
- Реконструкција на улици во н.м. Братиндол (предвидено во ребаланс).
- Инфраструктурни инвестиции во н.м. Братиндол (вода, асфалтирање игралиште, адаптација општински обје
- Санација и адаптација на општински објекти во с. Породин (училиште, амбуланта, Дом на култура) отстапување на ДППД Архангел.
- Реконструкција на Дом во н.м. Дихово и реконструкција на локални улици со бехатон.
- Реконструкција на училишна зграда во н.м. Породин.
- Одржување на паркинг зад НУ Завод и Музеј.
- Ул. 13 Јули, од број 12 А до 12 Ѓ
- Ул. Мордо Нахмијас Лазо, од број 10А до 10Ж
- Асфалтирање на сред село Крстоар и бекатон плочки кај чешмата во селото
- Реновирање на Манастирот Св. Кристофер во с. Крстоар
- Поставување на 6 (шест) лежечки полицајци, на ул. Крушевска Република
- Чистење на крајпатни појаси:
    - грчка граница – Велушина – Битола,
    - Драгош – Битола,
    - Острец – Велушина.

## 4. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- Изградба на терени за одбојка на песок.
- Изградба на спортско-рекреативен парк за лица со попреченост.
- Изградба на спортски комплекс во Нова Битола.
- Изградба на атлетска патека на стадионот „Петар Милошевски“.
- Реконструкција на објект ДТВ „Партизан“.
- Реконструкција на трибина на игралиште „Ќумурно“.
- Зголемена поддршка на училишен спорт (инфраструктура, буџет, настани).
- Годишно одржување на Бајк Парк Смолево.
- Организација на спортски настани:
    - Смолево апхил трка 2026,
    - Пелистер даунхил трка 2026.

## 5. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Изградба на пречистителна станица за отпадни води.
- Субвенции за енергетска ефикасност на фасади на колективни згради.
- Субвенции за енергетски ефикасна дограма во домаќинствата.
- Изградба на фотоволтаичен систем во старскиот дом „Сју Рајдер“.
- Поставување на топлински пумпи во образовни институции и градинки.
- Енергетски ефикасни училишта со спортски објекти.
- Одржување на постоечки детски паркови.

## 6. ЈАВЕН ПРЕВОЗ И МОБИЛНОСТ

- Набавка на современи автобуси за јавен превоз.
- Воведување на нови линии на јавен превоз (вклучително до излетнички места).
- Воведување на нова линија на јавен превоз до н.м. Крклино.
- Обновување на автобуски постојки низ општината и овозможување достапни информации за линиите.
- Изградба на нови велосипедски патеки.
- Субвенции за набавка на велосипеди.

## 7. КУЛТУРА, НАСТАНИ И ГРАЃАНСКИ АКТИВНОСТИ

- Изградба на Парк на културата / културните работници од Битола (со бисти и споменици на уметници).
- Поддршка на манифестација на ракотворци „Во срцето на Битола“.
- Набавка и ставање во функција на нови стилски штандови за настани и манифестации.
- Поддршка на младински центар.

## 8. ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ И СЕРВИСИ

- Обезбедување на станица за активностите на волонтерско противпожарно друштво „Архангел“.

- Изградба/опремување на зграда за ТППЕ Битола.

Пред последната фаза од сесијата, Форумот ја потврди и листата со препораки и ја задолжи Оперативната Група истата заедно со материјалите од Форумот да ја предаде на Градоначалникот односно Советот на Општина Битола.

Форумот заврши со евалуација на сесијата, формирање на работна група за следење на одлуките на Форумот.

*Заклучоци и препораки*

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

1) Да се обезбедат автобуси за јавен превоз кои ќе бидат целосно пристапни за лицата со попреченост, согласно стандардите за инклузивен транспорт.

2) Да се зголеми вкупната површина на уредени тротоари низ Општина Битола, со нивна целосна адаптација и уредување за обезбедување континуирана проточност, пристапност и безбедно користење од страна на сите пешаци, вклучително и лицата со попреченост.

3) Во сите јавни паркови на територијата на општината да се постави питка вода и соодветно осветлување за поголема безбедност на граѓаните.

4) Да се зголеми ставката за еднократна парична помош за семејствата кои бараат поддршка за набавка на хигиенски средства за деца со атипичен развој, кои сè уште немаат утврдена дијагноза.

5) Да се побара зголемување на средствата што Општина Битола ги добива од националниот буџет по основ на заштита на животната средина и намалување на последиците од аерозагадувањето.

6) Да се воведе сообраќајно решение преку систем на налепници за станари, со цел ефикасно решавање на проблемот со паркирањето во централното градско подрачје.

7) Да се врати во функција плоштадот „Гоце Делчев" како јавен простор за културни, туристички и општествени активности.

8) Да се стави во функција брзиот воз на релација Битола – Скопје и да се изврши рехабилитација на железничката пруга до Велес, за подобра регионална поврзаност и мобилност.

9) Реализација на предлог-мерки за поддршка на згрижувањето и згрижувачките семејства на локално ниво дадени како анекс на листата со препораки.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на четвртата форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека четвртата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4,5 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

Прилози:

- Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- Листа на учесници по работни маси,
- Фотографии,
- Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а

Ко-модератори:

____________________

____________________

# ЗАПИСНИК
## од Прва форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 24.10.2025, **Место:** КИЦ - Офицерски Дом, Битола **Час:** 11:00-13:00
**Присутни граѓани:** Вкупно: 53
Мажи: 26 Жени: 27
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Николина Крстевска;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

**Обраќања:**
Градоначалник на Општина Битола;

**Презентација на форумскиот процес;**

**Утврдување на правила за работа;**

**Презентација и дискусија за стратешките приоритети на општината за 2026 година;**

**Презентација на општинскиот буџет:**
-планирани и реализирани приходи на општината во 2025 година
-планирани програми за 2026 година;
-очекувани приходи на општината во 2026 година

**Структурирање на форумот/распределување по работни маси;**

**Дискусија за приходите на општината и предлози/идеи/препораки за подобрување на нивната наплата или зголемување приходите на општината;**

**Избор на програми за дискусија на следна форумска сесија;**

**Евалуација на сесијата и дефинирање на временска динамика за втора и трета сесија.**

**Тек и содржина на сесијата**
*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Првата форумска сесија се реализираше во целост според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на настанот. Потоа, пред присутните учесници на форумот се обрати градоначалникот на Општина Битола, д-р Тони Коњаноски, кој ја презентираше потребата и значењето на буџетскиот форумски процес од перспектива на општината во однос на нејзините заложби за транспарентност и инклузија на граѓаните при креирањето и имплементацијата на локалните политики.

Понатаму, од страна на форумскиот модератор беше детално презентиран форумскиот процес, неговите клучни барања, неговите цели и методи како и неговата организациона структура. Од страна на модераторот беше потенцирано дека процесот на партиципативно буџетирање во

Општина Битола е алатка за директно граѓанско учество во локалните политики. Базирано на претходното искуство од вакви настани а во согласност со Правилникот на форумскиот процес, форумот заеднички ги утврди правилата за работа на истиот.

Во следниот дел на сесијата, од страна на модераторот на форумот беше извршена презентација на стратешките приоритети на Општина Битола за 2026 година, за што беше отворена и дискусија околу стратешките документи кои ја опфаќаат територијата и институциите на Општина Битола а беше објаснет и буџетскиот календар. Потоа, од страна на форумскиот модератор а во координација со службите на одделение за буџетска координација во Општина Битола, беше извршена презентација на општинскиот буџет односно планирани и реализирани приходи на општината во 2025 година, предлог – програмите за 2026 година и очекувани приходи на општината во 2026 година.

Во продолжение беше отворена дискусија за предлог-работните маси на форумот и по завршувањето на истата, работните маси беа утврдени.

Според утврдената агенда, по формирањето на работните маси, учесниците на форумот започнаа дискусија за приходите на општината, предлог-програмите за 2026 година и приоритетни проблеми кои треба да се адресираат во наредната буџетска година. Согласно мандатот на локалната самоуправа, беа дискутирани теми од областа на работата на ЕЛС со особен акцент на локалната инфраструктура, рурален развој, спорт и култура.

По завршувањето на дискусијата, форумот ги утврди следните програми за понатамошно разгледување на следните сесии:

- Програма за социјална заштита;
- Програма за урбанистичко планирање;
- Програма за развојни планови;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за активности во областа на спортот и младите;
- Програма за заштита на животната средина и природа;
- Програма за култура.

Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на временска динамика за втора и трета сесија.

***Заклучоци и препораки***

Во текот на сесијата, општинската администрација и присутните граѓани ги предложија следните предлог-проекти/активности/иницијативи како приоритени за општинскиот буџет во 2026 година:

- Зграда ТППЕ Битола
- Реконструкција на булеварски влез во Битола од страната на Охрид
- Набавка на современи автобуси за јавен превоз
- Изградба на потисен цевковод
- Реконструкција и изградба на улици во градот и руралните населби
- Енергетски ефикасни училишта со спортски објекти
- Пречистителната станица за отпадни води
- Изградба на спортски комплекс во Нова Битола
- Изградба на атлетска патека на стадионот „Петар Милошевски"
- Реконструкција на објект ДТВ „Партизан"

- Субвенции за енергетска ефикасност на фасади на колективни згради
- Субвенции за енергетски ефикасна дограма во домаќинствата
- Субвенции за набавка на велосипеди
- Изградба на фотоволтаичен систем во старскиот дом „Сју Рајдер"
- Поддршка на младински центар
- Поставување на топлински пумпи во образованите институции и во градинките
- Оспособување на дневен центар за лица со попреченост
- Реконструкција на трибина на игралиште "Ќумурно"
- Реконструкција на патна делница н.м. Оризари - надвозник (Крклино)
- Воведување на нова линија на јавен превоз до н.м. Крклино
- Уредување на школски двор во н.м. Крклино
- Уредување на објект на детска градинка во н.м Крклино
- Изградба на канализација во н.м. Крклино
- Асфалтирање на осма и деветта улица во УЗ Димитар Влахов
- Реконструкција на патна инфраструктура во н.м. Поешево и Карамани
- Обновување на автобуски постојки низ општината и овозможување на достапни информации за автобуските линии
- Воведување на нови линии на јавен превоз (до излетнички места на територијата на Општина Битола)
- Изградба на нови велосипедски патеки
- Зголемена поддршка на училишен спорт (инфраструктура, буџет, настани)
- Одржување на постоечки детски паркови
- Чистење на крајпатен појас на патна делница грчка граница - н.м Велушина – Битола
- Реконструкција на училишна зграда во н.м. Породин
- Реконструкција на патна инфраструктура во н.м. Острец
- Изградба на водовод во н.м. Острец
- Чистење на крајпатен појас на патни делници Драгош – Битола и н.м Острец – н.м Велушина
- Изградба на Парк на културата/културните работници од Битола (поставување на бисти/споменици на уметници кои потекнуваат од Битола и придонеле за културниот развој на Општина Битола и Р. Македонија)
- Годишно одржување на Бајк Парк Смолево
- Организација на Смолево апхил трка 2026
- Организација на Пелистер даунхил трка 2026

Во врска со дел дадените предлози, од страна на општинската администрација и присутните советници беа дадени објаснувања и техничко-административни информации.

Според усвоените предлог буџетски програми на првата сесија, предложените проекти/активности/иницијативи ќе можат да се разгледуваат и на втората сесија од буџетскиот процес.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на првата фоурмска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат првата форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека првата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги

остварат нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а

Ко-модератори:

____________________

____________________

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-72/8
09.06.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **27.05.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-72** од **27.06.2026 година**, каде бара информации за предлог буџет за 2026 година, годишен извештај за работњето на Општина Битола за 2025 година,извештај од внатрешна ревизија за 2025 година,спроведен граѓански форум со вклученост на граѓаните во 2025/26 година,пристуство на граѓаните и инфромираност на граѓаните за седниците на општинскиот Совет,јавна раправа по основ на завршната сметка на Општината за 2025 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број **11-72** на ден **27.06.2026 година**. Во барањето наведе дека бара информации за за предлог буџет за 2026 година, годишен извештај за работњето на Општина Битола за 2025 година,извештај од внатрешна ревизија за 2025 година,спроведен граѓански форум со вклученост на граѓаните во 2025/26 година,пристуство на граѓаните и инфромираност на граѓаните за седниците на општинскиот Совет,јавна раправа по основ на завршната сметка на Општината за 2025 година.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-72/1 од 27.05.2026 год.
2.Допис до одделение за правно нормативни работи со бр.11-72/2 од 27.05.2026 год.
3.Допис до сектор за финасиски прашања со бр.11-72/3 од 27.05.2026 год.
4.Допис до раководител за внатрешна ревизија со бр.11-72/4 од 01.06.2026 год.
5.Одговор од одделение за правно нормативни работи со бр.11-72/5 од 01.06.2026год.
6.Одговор од раководител на внатрешна ревизија со бр.11-72/6 од 02.06.2026год.
7.Одговор од сектор за финасиски прашања со бр.11-72/7 од 09.06.2026 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 03.06.2026 година, под бр. 11-72/8.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

-----------------------------

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk